УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА

# СЛАВЕ АТАНАСОВСКИ КРСТАНЧЕ

26.I. до 8.II 1984
СКОПЈЕ

Творештвото во обликување на дрво на резбарот Славе Атанасовски континуирано го следам над четириесет години. Тоа, само по себе, подразбира дека сум изворен сведок и хроничар во растежот и падот на македонската копаница во последниве децетлетија. Со право можам да речам дека, како ликовен работник, и самиот растев во средината на резбарите и зографите, бев вклучен во нивниот живот, нивните творечки проблеми, настојувања на ова културно наследство и ликовна традиција да ѝ се даде нова, современа, димензија и функција, да биде составен дел на ентериерот. Се правеа различни зафати: се основа Училиште за резба во Охрид, се обединија Средното художествено училиште од Скопје и Резбарското училиште и се формира Училиште за применета уметност во Скопје. Исто така, се основаа и престанаа со работа: Ателјето за уметничка резба „Андон Дуков" во Охрид и Заводот за домашни ракотворби во Скопје. Се бараа и други патишта за продолжување на резбарската уметност. Во сите овие процеси, Славе Атанасовски беше активен учесник како творец и педагог.

Од овој период на развојот на македонската резба останаа во фондот на културното наследство резбарските творби во Синдикалниот дом „Орце Николов" и Домот на културата „Глигор Прличев" во Охрид; Собранието на СР Македонија; Народната и универзитетска библиотека „Климент Охридски", Македонската академија на науките и уметностите во Скопје; Палатата на Федерацијата, Собранието на СР Србија во Белград, на Бриони и други места, како сведоштво за едно време во кое македонската резба и нејзините творци направија напори да го следат современиот творечки тренд во ликовното обликување на просторот. Дали беа разбрани и прифатени како рамноправни партнери и дали се направи сé да се изнајдат можности за примена, образование на подмладок и сè што ќе го продолжи животот на македонската резба, оценка ќе даде времето.

Славе Атанасовски упорно остана на своите определби. Неуморно, со своите жилести раце и виртуозното режење со длетото, и денес уште ја распејува ореовината. Како плод на неговата неуморна, макотрпна и долгогодишна работа, последниве години, изрежа многу резбарски творби. Меѓу нив, по своите ликовни квалитети, јаснотија и чистота на цртежот, суптилноста во моделацијата на формите и обликувањето на целините во ажурна копаница, се издвојуваат: столбовите во свечената сала на Македонската академија на науките и уметностите во Скопје; розетите во Македонската сала во Палатата на федерацијата во Белград; футролата за Повелбата и кутијата за плакетата, подарок на Јосип Броз — Тито, по повод одбележувањето 25-годишнината од Првото заседание на АСНОМ во Белград; детал од македонската резба, подарок од Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на Алексеј Косигин и други.

Друштвото на ликовните уметници за применета уметност на Македонија, врз основа програмата за презентирање на творештвото на добитниците на наградата на Друштвото за животно дело, „Бигорски следбеници", која награда Славе Атанасовски ја доби во 1979 година, ја организира оваа изложба. За изложбата е направен избор на творбите, што можеа да се соберат и да се обезбеди нивниот транспорт и излагање.

Уметничката галерија во Скопје, својот изложбен салон и стручна помош ги стави на располагање за презентирање на творештвото на овој заслужен трудбеник во резбарската уметност. Со ова овозможи љубителите на уметноста, посебно на овој вид творештво од областа на применетата уметност, културната јавност, трудбениците и младината да се запознаат со дел од богатото творештво на Славе Атанасовски — Крстанче.

Нико П. Този

Славе Атанасовски — Крстанче е роден 1915 во Охрид.
Уметничко-дуборезачка школа завршил 1933 во Охрид, раководена од академскиот вајар, Бранислав Јованчевиќ.
Член е на Друштвото на ликовните уметници за применета уметност на Македонија од неговото основање.
Работел како наставник и педагог во Битола, Резбарското училиште во Охрид и Училиштето за применета уметност во Скопје.
Живее и работи во Охрид, ул. „Даме Груев" 43.

## САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ

1956 — во Охрид
1958 — во Битола
1959 — во Охрид
1959 — во Скопје
1960 — во Титоград
1961 — во Будва
1973 — во Скопје и Битола

## ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ

1943 — изложба на група охридски уметници, Охрид
1952 — изложба на ДЛУПУМ, Скопје
1958 — изложба на ДЛУПУМ, Скопје
1967 — изложба на ДЛУПУМ, Скопје
1970 — изложба „Македонски драгуљи", Нови Сад
1971 — изложба на ДЛУПУМ, Скопје
1978 — изложба на ДЛУПУМ, Приштина
1983 — изложба „Живот, производство, дизајн", Скопје

## БИБЛИОГРАФИЈА


Цв. (Цветан) Стефанов
По традицијата на старите резбари
Нова Македонија, Скопје, 23.IX.1956

Д. (Димитар) Димитровски
Битолска културна хроника
Нова Македонија, Скопје, 11.XI.1958

J. (Јован) Пешиќ
Мала панорама културног живота Скопја
Борба, Белград, 23.X.1959

Антоние Николовски
IV самостојна изложба на дрвена пластика на Славе Атанасовски
Разгледи, Скопје, 1959, бр. 4, декември

Цветан Стефанов
Охридска културна хроника
Нова Македонија, Скопје, 9.VII.1960

О. (Олга) Спирковска
Низ ликовните ателјеа Славе Атанасовски
Нова Македонија, Скопје, 3.IX.1960

К.
У Охриду отворена изложба фигура и орнамената обрађених у дрвету
Борба, Белград, 4.IX.1962

Р. (Ристо) К. (Кузмановски)
Изложба на резбарот Славе Атанасовски
Разгледи, Скопје, 1962, бр. 21


## КАТАЛОГ

1. ФРАГМЕНТ НА ПЛИТКА РЕЗБА, 1953
ореово дрво
дим. 16,5 x 47,5 x 1,5
сопственост на авторот

2. ТРИКРАТНА ОХРИДСКА РОЗЕТА, 1970
ажурна копаница
ореово дрво
дим. 72 x 72 x 0,9
сопственост на авторот

3. СПИРАЛЕН ПОСТАМЕНТ ЗА БИСТА, 1968
ажурна-чипкаста копаница
ореово дрво
дим. 87,5 x 30 x 30
сопственост на авторот

4. СВ. КЛИМЕНТ, 1980
ореово дрво
дим. 65 x 13 x 10
сопственост на авторот

5. ОСАМЕНА ПТИЦА, 1973
ажурна копаница
ореово дрво
дим. 22,5 x 28,5 x 0,4
сопственост на авторот

6. ЉУБОВНА ИГРА, 1974
ажурна копаница
ореово дрво
дим. 39,5 x 27,5 x 0,3
сопственост на авторот

7. СТОЛБОВИ ЗА СВЕЧЕНАТА САЛА ВО МАНУ, 1975/76
ажурна копаница
ореово дрво
9,5 метри x 50 x 0,4

8. ПТИЧЈИ РАЈ, 1976
ажурна копаница
ореово дрво
дим. 37,4 x 27 x 0,3
сопственост на авторот

9. ТРИКРАТНА ДЕБАРСКА РОЗЕТА, 1977
ажурна копаница
ореово дрво
дим. 88 x 87 x 0,9
сопственост на авторот

10. ПИТОМА РУЖА, 1979
ажурна копаница
ореово дрво
дим. 36,5 x 26,5 x 0,3
сопственост на авторот

11. ПРОЛЕТ, 1980
чипкасто-ажурна резба
ореово дрво
дим. 71,5 x 34,7 x 0,4
сопственост на авторот

12. ПОПАДИЈА, 1980
чипкаста копаница
ореово дрво
дим. 54 x 34 x 0,3
сопственост на авторот

13. ВРАТА ОД БИБЛИОТЕКА, 1962
поткопана копаница
ореово дрво
дим. 155,5 x 54,5 x 0,4
сопственост на Завод за заштита и Галерија Охрид

14. РАЃАЊЕ, ПОДАРОК И БЕГСТВО, 1982
плитка резба
ореово дрво
дим. 42 x 80 x 0,3
сопственост на авторот

15. ТРИКРАТНА АКАНТУС РОЗЕТА, 1983
чипкаста-ажурна копаница
ореово дрво
дим. 72 x 72 x 0,9
сопственост на авторот

























**ДРУШТВО НА ЛИКОВНИТЕ УМЕТНИЦИ ЗА ПРИМЕНЕТА УМЕТНОСТ НА МАКЕДОНИЈА**

ДЛУПУМ

Фотографии: МИРОСЛАВ ЈОВАНОВИЌ

ПЕЧАТ: РО НИП „НОВА МАКЕДОНИЈА“ ООЗТ ПЕЧАТНИЦА